КРАТОВО 1213

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО

Бр.: 08-609/1

29-03-2019 год.

КРАТОВО

# Г о д и ш е н И з в е ш т а ј

## на Кординатор за еднакви можности на жените и мажите од Општина Кратово за 2018 година

Согласно обврските и надлежностите пропишани со Законот за еднакви можности на жените и мажите Координаторот за еднакви можности на жените и мажите од општина Кратово на ден 29.03.2019 година го изготви овој Годишен извештај за 2018 година.

Во Општина Кратово во однос на почитувањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите таа е запазена и во однос на вработените состојбата е следната:

Во општина Кратово се вработени вкупно 22 лица, од кои 11 лица се од машки пол, а 11 се од женски пол, значи 50 % од вработените се од женски пол. Од тројца раководители на одделенијата во општината двајца се од машки пол а еден раководител е од женски пол.

Во Јавните општински установи ЈОУ Детска Градинка "Царка Андреевска, ООУ "Кочо Рацин", СОУ "Митко Пенџуклиски", "Музеј на град Кратово" и ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" има голем број на вработени жени, а 3 Директори се жени на овие установи и тоа на установите: ЈОУ Детска Градинка "Царка Андреевска, ООУ "Кочо Рацин" и ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов". Директорот на Јавното претпријатие ЈП "Кратово" е од машки пол.

Со формирањето на Советот на општината Кратово после спроведените локални избори 2017 година кој совет брои 15 членови од кои 5 члена на советот се од женски пол, а 10 од машки. Со Одлука на советот на оштина Кратово бр.09-1328/1 од 30.10.2017 година и Решение бр.09-1328/2 од 30.10.2017 година при Советот на општина Кратово е формирана постојана комисија за еднакви можности на жените и мажите, во која членови се: Слаѓан Спасовски-Претседател на комисијата и членови: Сунчица Наунова, Марина Бојковска, Ирина Ѓеоргиевска и Ацо Андреев. Со Одлука за изменување на одлуката за формирање на комисии, одбори и други работни тела на советот на општина Кратово бр.09-1388/1 од 30.08.2019 година и Решение за разрешување и именување на Претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите бр.09-1388/2 на местото на Слаѓан Спасовски за Претседател на Комисијата е именувана Јована Јовановска од Кратово.

Во текот на 2018 година жените советнички активно партиципираа и зедоа учество во работата на советот и на комисиите при советот а во комисиите има и повеќе Претседатели и членови на комисиите од женски пол.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите до сега нема одржано седница.

Датум, 29.03.2019 година, Кратово

Со почит,

**Координатор за еднакви можности**
**на жените и мажите од Општина Кратово**
Љупчо Голубанов